*На 3ти септември 2009 година, претседателот на Организацијата Обединети Македонци во Канада оддржа прес конференција во Скопје, каде ги претстави погледите на организацијата во однос проблемот со името како и други важни теми. Слединте гласила објавија за конференцијата: А1 ТВ и Сонце ТВ, како и печатените гласила Македонско Сонце, Дневник, Утрински Весник, Вечер, Време, Шпиц, Нова Македонија и новинска агенција Фокус. Тука пренесуваме некои од написите:*

*On September 3, 2008, the President of the United Macedonians Organization of Canada had a Press Conference in Skopje, Republic of Macedonia, presenting the Organization's views regarding the name issue as well as other topics of concern. The following media reported from the Conference: A1 TV and Sonce TV as well as the print media Makedonsko Sonce, Dnevnik, Utrinski Vesnik, Vecer, Vreme, Spic, Nova Makedonija and Focus News Agency. Here we present some of the articles:*

**Дневник**, четврток, 04 септември 2008

## И ПАТРИОТИЗМОТ ИМА ЦЕНА

### Иселениците бараат поевтини пасоши

За нас е многу да плаќаме по 250 канадски долари за еден пасош со кој можеме да патуваме само во матичната земја, вели Драги Стојковски, претседател на организацијата "Обединети Македонци" од Канада



*Четиричлено семејство треба да даде илјада долари за пасоши: Драги Стојковски*

Таксата од 250 долари за добивање македонски пасош е прескапа за нашите сонародници во дијаспората, поради што тие во многу случаи не сакаат да го добијат, изјави вчера Драги Стојковски, претседател на организацијата “Обединети Македонци” од Канада. Тој ја повика македонската власт да ја намали цената, заедно со олеснување на процедурата за добивање пасош. Тоа се големи пари и за нашите сонародници што живеат во странство. На пример, едно четиричлено семејство треба да даде 1.000 долари за да добие македонски пасоши. Тоа е премногу во ситуација кога за добивање канадски пасош треба да платат само 70.00 долари. Ние имаме пасоши на државите во кои живееме и со нив патуваме насекаде во светот. Главната причина зошто сакаме да имаме и македонски пасош е патриотска, бидејќи тој пасош можеме да го користиме само кога одиме во Македонија. Затоа, цената треба да се намали – рече Стојковски. Тој додаде дека ваквите поплаки доаѓале и од македонските иселеници во САД, Австралија и во други земји. Таксата што граѓаните на Република Македонија ја плаќаат за пасоши изнесува 1.500 денари, односно 40 долари. Освен ова, тешкотии за добивање македонски пасош предизвикувала и административната процедура.

- Само на поранешниот претседател на нашата организација му беа потребни две години да извади пасош. Го праќаа од амбасадата до конзулатот, вршеа многу ппроверки. Таму како да не функционира едношалтерскиот систем – се пожали Драги Стојковски.

Според него, добивањето македонски пасош многу ќе помогне во зајакнување на македонскиот идентитет кај новите генерации наши сонародници. Во организацијата “Обединети Македонци” проценуваат дека во Канада моментално има околу 150.000 Македонци, додека официјалниот попис покажал дека таа бројка изнесува околу 40.000. Во МВР вчера изјавија дека барањето за поевтини пасоши и за поедноставни административни процедури ќе биде разгледано. Организацијата “Обединети Македонци” побара право на глас за иселениците, при што, наместо еден прфатеник, тие да имаат право на повеќе мандати.

**Да се прекинат преговорите со Грција**

Стојковски побара Македонија веднаш да ги прекине преговорите во спорот околу уставното име со Грција. Тој не прифаќа ниту референдум околу решението до кое би се дошло во преговорите.

- Грција е земја што има проблем со името, а не ние. Треба да се прифати предлогот на професор Игор Јанев да запрат преговорите и да го оствариме приемот во ООН преку Меѓународниот суд во Хаг. Десетици земји успеале на тој начин да станат членки. Ние можеме да опстоиме како држава чекајќи на та пресуда, а нашето раководство не смее да нé става во ситуација “или ќе попуштиме или нема да опстанеме” – вели тој.
(Б.Ѓ.)
Фото: Маја Златевска

------------------------------------------------

**Вечер**, 04.09.2008

## "ОБЕДИНЕТИ МАКЕДОНЦИ" ВО КАНАДА

## Да прекинат преговорите за името со Грција

Организацијата "Обединети Македонци" во Канада упати апел до секој Македонец да покаже поголема почит кон националното име Македонци, а ги повика претседателот Бранко Црвенковски и премиерот Никола Груевски да ги прекинат сите разговори за употребата на уставното име на Република Македонија со Грција.

- Ние никогаш не сме имале проблем со нашето национално име, тоа е наметнат спор од страна на Грција - нагласи претседателот на организацијата Драги Стојковски на вчерашната прес-конференција.

Тој посочи дека проф. д-р Игор Јанев е еден од повеќето експерти што имаат разработено целосна стратегија за решавање на прашањето со името, и тоа во рамките на ОН.

- Македонија постоела и без НАТО и без ЕУ многу години и може да постои уште многу години додека конечно не се реши овој проблем – оцени Стојковски, потсетувајќи дека Македонија има пријатели и лобисти, како што се САД.

Според него, не треба да се организира референдум во однос на прашањето за името, затоа што најголемиот дел граѓани немаат проблем со нашето име, но и затоа што со референдум, може лесно да се манипулира за, под притисок, да се добие посакуваниот резултат. Стојковски, во името на македонските иселеници во Канада, упати апел и до државниот врв да покаже единство за сите национални прашања во државата.

Стојковски во името на македонските иселеници побара и остварување на правото на глас. Тој изрази надеж дека овој собраниски состав ќе овозможи нивно рамноправно вклучување во изборните процеси, и тоа не само со гласање, туку и со предлагање нивни кандидати.

- Не сме задоволни со предложениот број, односно еден партеник да ја претставува Европа, еден за Северна Америка и еден за Австралија. Тоа се огромни пространства и државата мора да го знае бројот на гласачите и да се даде можност за соодветен број пратеници – рече Стојковски.

Според него потребна е државна стратегија за да се охрабрат иселениците помасовно да земаат македонско државјанство. Тој посочи дека потребно е поедноставување на процедурата и намалување на цената за добивање македонски пасоши, која во моментот изнесува 250 американски долари за едно лице.

Претседателот Стојковски информира дека од осамостојувањето на Македонија, организацијата и македонската заедница во Канада лобираат

и дејствуваат во интерес на земјата, а своите искуства ги разменуваат и со македонските иселеници во Австралија.

-----------------------------------------------

**Време**, 04.09.2008

ОБЕДИНЕТИ МАКЕДОНЦИ

Да се прекинат преговорите за името со Грција

Македонската влада да ги прекине преговорите со Грција и итно да го информира Советот за безбедност на Обединетите нации дека го продолжува членството под името Република Македонија, побара вчера Организацијата "Обединети Македонци" од Канада. Драги Стојковски, претседател на организацијата, побара од македонското раководство да каже зошто ги игнорира сугестиите на експертот по меѓународно право Игор Јанев, кој предлага Меѓународниот суд во Хаг да решава за името под кое Македонија членува во ОН.

- Жално е кога државното раководство поставува лажни дилеми и вели дека или ќе попуштиме во спорот за името и ќе опстоиме или не попуштаме и нема да постоиме. Раководството е избрано не да дава црни сценарија, туку да најде решение – изјави Стојковски. ОМК побара да се олесни процедурата за вадење пасош за Македонците од дијаспората. Цената од 250 канадски долари за нив е превисока, а за пасош се чекало дури и две години. Канадските Македонци бараат во идниот парламент да се зголеми бројот на пратеници што доаѓаат од дијаспората.

Г.М.

-----------------------------------------------

**Шпиц**, 04.09.2008
Дијаспората од Канада бара прекин на преговорите за името

Апел до секој Македонец да покаже поголема почит кон националното име Македонци, и повик до претседателот Бранко Црвенковски и до премиерот Никола Груевски да ги прекинат преговорите за името со Грција, упати организацијата "Обединети Македонци" во Канада.

- Никогаш не сме имале проблем со нашето национално име, тоа е наметнат спор од страна на Грција - нагласи претседателот на организацијата, Драги Стојковски.

Според него, не треба да се организира референдум, затоа што најголемиот дел граѓани немаат проблем со име, но и затоа што со

референдум, како што рече, може лесно да се манипулира за под притисок да се добие посакуваниот резултат.

-----------------------------------------------

**Нова Македонија**, 04.29.2008

## Да прекинат преговорите за името

Организацијата “Обединети Македонци” во Канада упати апел до секој Македонец да покаже поголема почит кон националното име Македонци, а ги повика претседателот Бранко Црвенковски и премиерот Никола Груевски да ги прекинат сите разговори за употребата на уставното име на Република Македонија со Грција.

- Никогаш не сме имале проблем со нашето национално име, тоа е наметнат спор од страна на Грција - нагласи претседателот на организацијата Драги Стојковски на вчерашната прес-конференција.

Тој посочи дека проф. д-р Игор Јанев е еден од повеќето експерти што имаат разработено целосна стратегија за решавање на прашањето со името, и тоа во рамките на ОН. Според Стојковски, жалосно е кога државното, како што рече, ги става проблемите за името во однос “или-или” - или ќе попуштиме и ќе опстоиме, или нема да опстоиме.

- Македонија постоела и без НАТО и без ЕУ многу години и може да постои уште многу години додека конечно не се реши овој проблем – оцени тој, потсетувајќи дека Македонија има пријатели и лобисти, како што се САД.

Според него, не треба да се организира референдум во однос на прашаето за името, затоа што најголемиот дел граѓани немаат проблем со нашето име.

-----------------------------------------------

**Утрински Весник**, четврток, 04 септември 2008

## Македонците од Канада бараат прекин на преговорите за името

Организацијата “Обединети Македонци” во Канада упати апел до секој Македонец да покаже поголема почит кон националното име Македонци, а ги повикува претседателот Бранко Црвенковски и премиерот Никола Груевски да ги прекинат сите разговори за употребата на уставното име на Македонија со Грција. “Никогаш не сме имале проблем со нашето национално име, тоа е наметнат спор од страна на Грција”, нагласи претседателот на организацијата, Драги Стојковски, на вчерашната прес-конференција. (П.Р.)

-----------------------------------------------

**Време**, 04.09.2008

## ОБЕДИНЕТИ МАКЕДОНЦИ

## Да се прекинат преговорите за името со Грција

Македонската влада да ги прекине преговорите со Грција и итно да го информира Советот за безбедност на Обединетите нации дека го продолжува членството под името Република Македонија, побара вчера Организацијата "Обединети Македонци" од Канада. Драги Стојковски, претседател на организацијата, побара од македонското раководство да каже зошто ги игнорира сугестиите на експертот по меѓународно право Игор Јанев, кој предлага Меѓународниот суд во Хаг да решава за името под кое Македонија членува во ОН.

- Жално е кога државното раководство поставува лажни дилеми и вели дека или ќе попуштиме во спорот за името и ќе опстоиме или не попуштаме и нема да постоиме. Раководството е избрано не да дава црни сценарија, туку да најде решение – изјави Стојковски. ОМК побара да се олесни процедурата за вадење пасош за Македонците од дијаспората. Цената од 250 канадски долари за нив е превисока, а за пасош се чекало дури и две години. Канадските Македонци бараат во идниот парламент да се зголеми бројот на пратеници што доаѓаат од дијаспората.

Г.М.

-----------------------------------------------

3 September 2008 | 15:20 | FOCUS News Agency

## Organization of Macedonians in Canada suggests talks for the name with Greece are suspended

***Skopje.*** An organization called United Macedonians with a headquarters in Canada appealed during a press conference in Skopje today that the Macedonian government suspends the talks on the name with Greece, the correspondent of **FOCUS News Agency** in Skopje announced.

The organization opposes a referendum for the name because they believe the results could easily be manipulated.